Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

**Министерство за Финансии - Биро за јавни набавки**

Ул.Димитрие Чуповски бр.11/I КАТ,
1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3106-421;02 3126-027

www.finance.gov.mk; http://javni-nabavki.finance.gov.mk

# ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Број на оглас:**06/2009**

## ДЕЛ I:ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган:**Министерство за Финансии**

I.1.2) Адреса:**ул. Даме Груев бр,14**

I.1.3) Град и поштенски код:**Скопје 1000**

I.1.4) Интернет адреса:**www.finance.gov.mk**

I.1.5) Лице за контакт:**Ирена Стоименова**Адреса на е-пошта:**irena.stojmenova@finance.gov.mk**Телефон/Факс:**02 3117 288/02 122 148**

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат:

**На следнава адреса**
**Министерство за финансии, ул.Даме Груев бр.14 - Скопје , 02/3106-234, 02/3106-173, renata.davitkova@finance.gov.mk, Тендерската документација може да се подигне во главната зграда на Министерство за финансии на ул.Даме Груев бр.14 - Скопје, 1-ви кат, канц.бр.12**

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

**Државни органи-Економија и финансии**

## ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:

**Печатење на материјали за потребите на Министерството за финансии**

II.2) Вид на договорот за јавна набавка:**Услуги - Категорија на услуга: бр.15**
**Издавачки у печатарски услуги на договорна основа или со надомест**

Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите:
**Скопје**

II.3) Дали договорот е од опфатените дејности (секторски договор):

II.4) Дали постапката ќе ја спроведе Централно тело: **Не**

II.5) Групна набавка:**Не**

II.6) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

**Печатење на материјали за потребите на Министерството за финансии (книги, брошури, билтени, извештаи, програми и др.) на македонски и англиски јазик**

II.7) Референтна номенклатура за долелување на договор за јавна набавка (ОПЈН):

II.8) Дали предметот на набавката е делив:**Не**

II.9) Рамковна спогодба:**Не**

II.10) Дозволено е поднесување на алтернативни понуди:**Не**

II.11) Времетраење на договорот:
**Период во месеци: 12**

**ДЕЛ III: ПОСТАПКА**

III.1) Вид на постапка:**Отворена постапка**

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: **Не**

III.3) Критериум за доделување на договор за јавна набавка:**Економски најповолна понуда**

| **Елемент** | **Бодови** |
|---|---|
| Цена | 80 |
| Рок на испорака | 10 |
| Квалитет | 10 |

III.4) Дали постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со користење на електронски средства?**Не**

III.5) Дали ќе се користи електронска аукција?**Не**
Дополнителни информации во врска со електронската аукција:

**ДЕЛ IV: ПРАВНИ,ЕКОНОМСКИ,ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ**

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата:**Да [3,00%]**

IV.1.2) Гаранција за квалитетно извршување на договорот:**Да [10,00%]**

IV.1.3) Авансно плаќање:**Не**

IV.1.4) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда):**Не**

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење на пари
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран
- уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор:

**- Документ за регистрирана дејност**
**документ за регистрирана дејност**

IV.2.3) Економска и финансиска состојба на економскиот оператор:

Потребни документи за докажување на економската состојба на економскиот оператор:

**- извештај за билансот на состојбата заверен од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба, или извадоци од извештајот за билансот на состојба во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран;**
**- извод од целокупниот промет на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што е соодветно, од прометот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.**

Минимум критериуми за утврдување на економската и финансиската состојба на економскиот оператор:

**Минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба е економскиот оператор да остварил вкупен приход од минимум 8.000.000,00 денари во последните три години (за секоја година поединечно).**
**Доколку економскиот оператор ја врши дејноста во период помал од три години, минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба е економскиот оператор да го остварил бараниот вкупен приход во годините за кои постојат податоци.**

IV.2.4) Техничка или професионална способност на економскиот оператор:

Потребни документи за докажување на техничката или професионалната способност на економскиот оператор:

**- листа на испечатено најмалку три изданија годишно (книги, брошури, билтени, извештаи или програми) во последните три години со наведување на називот на изданието и тиражот;**
**- примерок од најмалку три изданија (книги, брошури, билтени, извештаи или програми) издадени во последните три години со тираж над 1000 примероци годишно по издание;**
**- изјава за бројот и квалификационата структура на вработените со кои располага економскиот оператор (вработените треба да се во редовен работен однос);**
**- изјава од економскиот оператор во која ќе бидат наведени минимум 5 (пет) склучени договори за набавки од слична природа со предметната набавка во последните три години;**
**- изјава за техничката опременост и оспособеност на економскиот оператор и за другите потенцијали со кои тој располага за извршување на конкретните услуги и обезбедување на квалитет.**

Минимум критериуми за утврдување на техничката и професионалната состојба на економскиот оператор:

**- испечатено најмалку три изданија годишно (книги, брошури, билтени, извештаи или програми) во последните три години со тираж над 1000 примероци по издание;**
**- најмалку пет вработени лица во редовен работен однос.**
**- извршувани услуги од иста природа како предметот на набавката, во последните три години;**
**- оспособеност, техничка опременост и потенцијал за реализација на предметната набавка.**

IV.2.5) Стандарди за системи за квалитет:

IV.2.6) Стандарди за управување со животна средина:

## ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи:

V.2) Услови за доставување на понудите или пријавите за учество

V.2.1) Понудите да се доставaт најдоцна до:**24.02.2010 во 12.00 часот**

V.3) Период на важност на понудата: **90 денови**

V.4) Услови за отворање на понудите

Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите и на следното место:

**24.02.2010 во 12.00 часот Место: Скопје**

V.5) Дополнителни информации

**Отворање на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на 24.02.2010 година, во 12.00 часот, во просториите на Министерството за финансии, ул."Даме Груев", бр.14, Скопје, III кат, во салата за состаноци.**

V.6) Датум на објава: **28-01-2010**